| JADRAN GALENSKI LABORATORIJ d.d. RIJEKA | **Предлог упатство за пациент** | Ноември, 2008. |
|---|---|---|
| | **Холиплант септогал без шеќер** *пастили* | Страна: 1/3 |

*Внимателно прочитајте го упатството пред да почнете да го користите лекот.*
*Чувајте го упатството. Можеби повторно ќе ви затреба.*
*Посоветувајте се со докторот или фармацевтот ако имате дополнителни прашања.*
*Овој лек е достапен без рецепт за третман на благи заболувања без надзор од доктор.*

# Холиплант Септогал без шеќер *пастили*

## Што содржат пастилите

1 пастила содржи 0.5 mg бензалкониум хлорид; 3.0 mg левоментол; 0.6 mg еукалиптусово масло; 1.0 mg пепепрминтово масло.
Ексципиенси: ксилитол, сорбитол.

## Фармацевтска дозирана форма и пакување

Пастили.
30 (3x10) пастили во PVC/Al блистер, во картонска кутија.

## Име и адреса на производителот

„ЈАДРАН“ – галенски лабораториј д.д.
Пулац б.б.
51000 Риека
Хрватска

## Носител на одобрението за промет

„ЕУРОЛЕК„
Визбегово 8 б.б.
1000 Скопје
Република Македонија

## За што се користи Холиплант Септогал без шеќер

*Фармакотерапевтска група*
**Холиплант Септогал без шеќер** е антисептик за уста и грло.
**Холиплант Септогал без шеќер** пастилите се користат за благи воспаленија на усната шуплина и грлото (фаринксот), како и при настинка. Бидејќи имаат емулгаторки особини и ја зголемуваат мукозната секреција, тие имаат позитивен ефект врз засипнатоста. Тие се користат со цел да ја освежат усната шуплина од лошиот здив и да го сочуваат интегритетот на мукозната мембрана на устата и грлото.

**Кој не би требало да ги зема пастилите**

Холиплант Септогал без шеќер пастилите не смеат да ги користат лица кои се алергични на некоја од сосотојките на лекот.

**Претпазливост**

*Извести го својот доктор ако имаш некаква болест, метаболно нарушување, преосетливост или ако примаш други лекови.*

Бремени жени и доилки може да ги користат пастилите според упатството за употреба.
**Холиплант Септогал без шеќер** содржи ксилитол и сорбитол и е погоден за дијабетичари.

Енергетска вредност на една пастила е 2.4 kcal.
Пастилите може да ги користат и деца постари од 3 години.

Лекот не влијае врз способноста за возење и управување со машини.

**Истовремено земање со други лекови**
Не се познати интеракции со други лекови.

**Како да се земаат пастилите**
*Следи ги инструкциите!*

Една пастила треба постепено да се растопува во устата секои 2-3 часа.

**Предозирање**
Не е забележано.

**Несакани ефекти**

*Како и сите лекови,* ***Холиплант септогал пастилите без шеќер*** *може да имаат несакани ефекти.*
При препорачана доза, многу ретко може да се јават локална иритација, гадење и повраќање.

*Ако забележиш било каков несакан ефект кој не е споменат во упатството, Ве молиме да го известите вашиот доктор или фармацевт.*

**Рок на употреба**

Две години од датумот на производство (Отпечатен на пакувањето)
Лекот не смее да се користи по истекот на рокот за употреба.

**Чување**

Да не се чуваат на температура повисока од 25 °C.
Лекот чувајте го на суво место.

РЕПУБЛИКА МА... МИНИСТЕРСТВО ЗА ... СКОПЈЕ

Да се чува на места подалеку од дофат на деца!

**Број и датум на решението на одобрението за ставање на лекот во промет**

…..

**Последно ажурирање на упатството за пациентот**

Септември, 2009.